ПРЕДЛАГАЧ: Павле Трајанов

# ПРЕДЛОГ - ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје, јануари 2016 година

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Македонија и членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Ви поднесувам Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Македонија.

ПРАТЕНИК:

Павле Трајанов

## ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ

Уставот на Република Македонија во одредбата од чл. 32 ст. 2 на секој вработен му гарантира право на соодветна заработувачка. Вака конституираната уставна одредба нормативно-правно е операционализирана со прописите од областа на трудовото законодавство. Во чл. 107 од Законот за работните односи е пропишано дека платата на работникот за работа со полно работно време не може да биде пониска од минималната плата утврдена според закон и колективен договор.

Постојниот Закон за минимална плата пак, во одредбата од чл. 4 ст. 1 ја утврдува висината на минималната плата која изнесува 10.080 денари во нето износ. Во продолжение, во истата одредба е пропишано дека Министерството за труд и социјална политика, по претходно прибавено мислење од Економско-социјалниот совет ја објавува висината на минималната плата во бруто износ во службено гласило на Република Македонија, во март секоја година за тековната година и таа се усогласува со порастот на просечно исплатената плата на сите вработени во државата за претходната година, според податоците објавени од Државниот завод за статистика (ст. 2 и 3).

Речиси и да е неподелено мислењето дека актуелната легислативна рамка се покажа како несоодветна и неодржлива во повеќе свои сегменти. *Прво,* пропишаниот износ на минимална плата - 10.080 денари, многу тешко може да одговори на потребите на граѓаните за пристојно живеење и намирување на основните месечни расходи, па, како резултат на тоа, константно расте бројот на кредитно задолжени лица. *Второ* и не помалку важно е дека Законот не е во можност да ја оствари основната цел поради која е донесен, а тоа е да обезбеди полна минимална плата за вработените со најниски месечни примања кои работат во производството на текстил, производството на облека, кожа и производи слични на кожа, на кои впрочем и најмногу се однесува текстот на законот.

Според податоците на Државниот завод за статистика, бројот на вработени во овие оддели изнесува 50.209. За нив, уште од самото донесување на Законот за минимална плата се предвидуваше усогласување за период од три години (односно, од 2012 до 2014 година), за да во 2014 година тоа усогласување се продолжи до 2018 година. Токму за вработените во наведениве оддели, актуелната легислатива предвидува минимален износ на плата што ни оддалеку не соодветствува на нивниот севкупен работен ангажман, доведувајќи ги на тој начин, во мошне неповолна позиција. Во 2015 година на пример, висината на минималната плата за овие категории на вработени лица изнесува (ше) 8.050 денари, т.е. 9.000 денари во 2016, за 2017 година, предвиден е минимален износ на плата од 9.590 денари, за да конечно, во 2018 година достигне минимален праг

од 10.080 денари. Повеќе од јасно е дека погоре пропишаниот минимум на плата за вработените во текстилната и во кожената индустрија не може да ги задоволи нивните основни егзисенцијални потреби, а уште помалку, да претставува правичен еквивалент на вложениот труд и време за постигнувањето на конечниот резултат.

Оваа теза ја поткрепуваат уште и поновите статистички показатели објавени од Сојузот на синдикати на РМ. Според овие податоци, најголем дел од семејниот буџет, или 13.471 денари одат на потрошувачката за храна, а 10.354 денари се потребни за домување, во којшто износ се опфатени и комуналните трошоци и оние за покуќнина.

Сметаме оттука, дека е неопходно да се пристапи кон натамошно ревидирање на важечките одредби, а главните причини за тоа треба да се бараат во настојувањето и грижата за подобрување на социјалната положба и благосостојбата на граѓаните, спречување на експлоатацијата на работниците од страна на работодавачите, обезбедување минимум прифатлив стандард на живот за вработените со најниски примања водејќи притоа, сметка и за искуствата на државите од регионот и од поширокото опкружување.

Во таа насока, со предложените законски решенија се предвидува зголемување на висината на минималната плата во Република Македонија, од досегашните 10.080 денари, на 18.080 денари. Сметаме дека ваквата цел може да се постигне со покачување на платата за 10% во наредните 10 месеци, почнувајќи од 1 март 2016 година. Ако на ова место, ги земеме предвид искуствата на државите од регионот, констатацијата до која се доаѓа е дека Република Македонија, Косово и Србија се наоѓаат на листата на држави со најниска минимална плата која во просек, изнесува околу 10.000 денари (или околу 170 евра). Во Република Хрватска, на пример, минималната плата изнесува 372 евра (или околу 23. 000 денари во денарска противвредност), додека во Словенија, овој износ е фиксиран на 790 евра (или пресметано во денарска противвредност, 48. 375 денари). И анализата на податоците од *Еуростат* ја потврдува тезата дека во споредба со државите од Европската Унија, Македонија регионално гледано, спаѓа во групата на држави со најниско утврден минимален праг на плата (исклучок претставува единствено Бугарија).

Едновремено, Предлог-Законот настојува да ги адресира потребите на вработените со најниски месечни примања, а тоа се оние кои работат во текстилната и во кожената индустрија. Логично е и оправдано предложениот износ на минимална плата од 18.080 денари подеднакво да важи и за лицата вработени во наведениве дејности.

Задржувајќи се на оваа категорија на вработени лица треба да се споменат уште и некои од мерките што Владата ги презема, во насока на поттикнување на што е можно повеќе странски компании да дојдат и да инвестираат во РМ. Како резултат на тоа, во 2007 година беше усвоен Законот за технолошки индустриски развојни зони, а неговата основна цел е да се овозможи забрзување на економскиот развој по пат на привлекување на странски и домашен капитал за развој на нови технологии и нивна примена во националната економија, зголемување на конкурентноста и зголемување на вработувањето (чл. 2).

Но, паралелно со законски предвидените погодности за инвеститорите во технолошките индустриски развојни зони (даночни и царински ослободувања и олеснувања, помош за обука и усовршување на корисниците на зоната кои обезбедуваат нови вработувања, вклучителнно и други погодности (чл. 5 – 9), сведоци сме на ситуација во која вработените се изложени на сериозни ограничувања, потешкотии и несигурност за својата егзистенција, при што минималната плата стана како основа за ниско вреднување на трудот на вработените. Просечната плата во овие компании е за 100 евра пониска од просекот на платите во Република Македонија.

Токму ова е и една од главните причини за ревидирање на Законот за минимална плата, чиишто решенија неосновано и сосема погрешно, предвидуваат поинаков (понизок) минимум на плата за вработените во погоре споменатите дејности.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целите што ќе се постигнат со донесувањето на овој Закон се состојат во следново:

- зголемување на висината на минималната плата за 8.000 денари, односно, покачување на законски утврдениот минимум на плата од 10.080, на 18.080 денари;
- создавање услови, низ гарантирање повисок минимален износ на плата, за задоволување на неопходните егзистенцијални потреби на граѓаните, подобрување на социјалната положба и благосостојба и намалување на кредитната задолженост;
- спречување на експлоатацијата на работниците од страна на работодавачите;
- изедначување во остварувањето на правото на минимална плата, на вработените во одделите производство на текстил, производство на облека и производство на кожа и слични производи од кожа;
- приближување кон позитивните (и споредливи за Република Македонија) компаративни искуства и
- создавање на основни предуслови да се запре миграцијата, а и младите да останат да работат во Република Македонија.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Овој предлог закон, ќе предизвика финансиски имликации врз Буџетот на Република Македонија.

## IV.ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Проценките се дека се потребни 52 000 000 евра годишно, кои средства ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија преку ефикасни антикорупциски мерки, намалување на цените преку јавните набавки, рационализација на непродуктивните трошоци, укинување на репрезентацијата на сите функционери итн.

ПРЕДЛОГ - ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Член 1**

Во Законот за минимална плата во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија," број 11/12, 30/14, 180/14, 81/15 и 129/15), во член 4 ставот 1 се менува и гласи:

„Висината на минималната плата изнесува 18.080 денари во нето износ."

**Член 2**

Членот 3 од Законот за минимална плата во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија," број 30/14) се брише.

**Член 3**

Утврдениот износ на минималната плата од членот 1 на овој закон ќе се достигне со подеднакво зголемување за 10% во наредните десет месеци, почнувајќи од 1 март 2016 година.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија," а ќе се применува од 1 март 2016 година.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНИМАЛНА ПЛАТА

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за минимална плата содржи 3 члена.

Со членот 1 се интервенира во членот 4 став 1, во таа смисла што, се предвидува зголемување на утврдениот законски минимум на плата од 10.080 денари, на 18.080 денари.

Во членот 2 се предлага бришење на Членот 3 од Законот за минимална плата во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија," број 30/14), со што ќе се овозможи ист третман на сите работници во Република Македонија, односно со минималната плата од 18.080 денари ќе се изедначат и работниците кои работат во одделите за производство на текстил, производство на облека и производство на кожа и слични производи од кожа.

Во членот 3 од Предлог - законот се утврдува начинот на кој ќе се постигне зголемувањето на минималната плата, и тоа, по пат, на покачување на платата за 10% во наредните 10 месеци, почнувајќи од 1 март 2016 година.

Буџетските средства ќе бидат наменети за поддршка на компаниите од текстилната и други индустриски гранки кои поради условите на пазарот не се во можност да остварат приход за да исплатат зголемена минимална плата, како и за минимална плата на вработените во јавната и државна администрација.

Буџетската поддршка на компаниите ќе се реализира во соработка со стопанските комори и синдикатот.

Со член 3 се уредува влегувањето во сила на Законот и отпочнувањето на неговата примена.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и сочинуваат единствена правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со измените и дополнувањата на Законот за минимална плата се очекува да се зголеми минималната плата во Република Македонија од 10.080 денари, на 18.080 денари, со што ќе се создадат услови за јакнење на социјалната сигурност и благосостојбата на граѓаните, како и обезбедување на основни предуслови за младите и стручни кадри да останат во Македонија, а странските компании соодветно да го вреднуваат трудот на работниците. Ваквите промени едновремено, значат и чекор напред во смисла на постигнување повисоко ниво на усогласеност со државите чиишто искуства Република Македонија редовно ги следи и настојува да ги имплементира во својот национален- правен систем.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ КОИ СЕ МЕНУВААТ ОД ЗАКОНОТ ЗА МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА," БРОЈ 11/12, 30/14, 180/14, 81/15 И 129/15)

Член 4

Висината на минималната плата изнесува 10.080 денари во нето износ.
Министерството за труд и социјална политика, по претходно мислење од Економско-социјалниот совет ја објавува висината на минималната плата во бруто износ во „Службен весник на Република Македонија", во март секоја година за тековната година.

Висината на минималната плата од ставот 1 на овој член се усогласува со порастот на просечно исплатената плата на сите вработени во Република Македонија за претходната година, според податоците објавени од Државниот завод за статистика.

Член 3
од Законот за минимална плата во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија," број 30/14)

Во одделите производство на текстил, производство на облека и производство на кожа и слични производи од кожа висината на минималната плата изнесува:
- за 2014 година 7.500 денари во нето износ,
- за 2015 година 8.050 денари во нето износ,
-за 2016 година 9.000 денари во нето износ,
- за 2017 година 9.590 денари во нето износ и
- за 2018 година 10.080 денари во нето износ.“